РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 05-602/1
11.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), членовите 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, по повод Барањето на донација од Јавната здравствена установа - Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември" Скопје за Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје бр.05-205/4 од 04.02.2025 г. (арх.бр.05-205/4 од 04.02.2025 г.) и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-580/2 од 10.02.2025 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за доделување на финансиска помош - донација на Јавната здравствена установа - Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември" Скопје

1. Се доделува финансиска помош - донација на Јавната здравствена установа - Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември" Скопје (во понатамошниот текст: ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје), во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, за реализирање на „Проект за енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје", чија цел е поставување на нов само-одржлив систем за затоплување на вода преку систем на сончеви колектори, кој е енергетски поефикасен од системот кој во моментов го користи болницата, поисплатлив, поекономичен и еколошки, при што ќе се обезбеди заштита на човековите права, преку поквалитетна нега и лична хигиена за геријатриските и палијативните пациенти, намалување на сметките за електрична енергија на болницата, како и заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје се обврзува доделените финансиски средства да ги користи исклучиво за намената утврдена во став 1 од оваа точка.

2. Финансиските средства од точката 1 од оваа Одлука, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2025 година и истите се уплаќаат на Здравствена трезорска сметката: 100000000066005, Банка на примач: Народна Банка на РСМ, сметка на буџетски корисник – единка корисник: 660250005953198, приходна шифра и програма: 744111 00.

3. За доделената финансиска помош – донација од точка 1 од оваа Одлука, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) и ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

4. Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје чија основна дејност е здравствена и социјална заштита на стари и возрасни лица, до Агенцијата на 04.02.2025 г. доставено е Барање бр.03-386 од 03.02.2025 г. (наш арх.бр.05-205/4) на донација за Проект на енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје, чиј носител и партнер е Здружението за поддршка на Палијативни пациенти и нивните семејства ПАЛИУМ. Во прилог на цитираното Барање доставени се: Меморандум за соработка помеѓу Здружението за поддршка на Палијативни пациенти и нивните семејства ПАЛИУМ Скопје (ПАЛИУМ Скопје) и ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје од 2022 г., Табеларен приказ за потрошена електрична енергија изразена во kw/h и ден. по месеци за 2024 г., Нацрт-пресметка за поставување на системот на сончеви колектори во двата објекти на болницата од специјализирана фирма за таа намена Друштво за производство, трговија, угостителство, сообраќај и услуги ФРИ ИНСТАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, како и Проект за енергетска ефикасност со поставување на соларни колектори во ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје од 28.12.2024 година.

Со Проектот (предмет на барањето на донација) се предлага поставување на нов само-одржлив систем за затоплување на вода преку систем на сончеви колектори во двата објекти на ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје“ (Геријатрија и Сју Рајдер во општина Ѓорче Петров), која болница згрижува 195 геријатриски и 75 палијативни пациенти, за кои секојдневно се грижат 110 негователки (што подразбира грижа и за нивната лична хигиена). Со новиот систем за затоплување согласно проектната документација ќе се обезбеди заштитата на човековите права, преку поквалитетна нега и лична хигиена за пациентите, односно негователките, со константно присуство на топла вода. ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје во моментов користи систем за затоплување на топла вода кој е стар 60 години и истиот генерира големи сметки за електрична енергија, така што преку новиот систем кој е енергетски поефикасен, поисплатлив, поекономичен и еколошки, ќе се обезбеди намалување на сметките за електрична енергија на болницата, како и заштита и зачувување на животната средина со користење на обновливи извори на енергија, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

Следствено на сето понапред наведено, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата и Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-580/2 од 10.02.2025 г., Директорот на Агенцијата донесе одлука за доделување на финансиска помош - донација на ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари. Согласно оваа одлука, ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје се обврзува да ги користи доделените финансиски средства исклучиво за намената утврдена во точка 1 став 1 од истата. Доделените финансиски средства од точката 1 од оваа Одлука, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 г. и истите се уплаќаат на Здравствена трезорска сметката: 100000000066005, Банка на примач: Народна Банка на РСМ, сметка на буџетски корисник – единка корисник: 660250005953198, приходна шифра и програма: 744111 00.

За предметната доделена финансиска помош, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата и ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува

по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:

- Јавната здравствена установа - Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември“ Скопје;
- Министерството за правда на РСМ;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архивата на Агенцијата.